# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОВРЕДИ НА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## ОД ДОКУМЕНТИРАНИ СЛУЧАИ ВО КОАЛИЦИЈА МАРГИНИ

### ЗА ПЕРИОДОТ 1.9.2023 – 31.3.2024

**ДРАГАНА ДРНДАРЕВСКА**
правна советничка, Коалиција Маргини

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија и Шведска. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маргини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.

Во периодот од 1 јануари 2023 до 31 март 2024 година во Коалиција Маргини се документирани **87 случаи на прекршување на права**, во кои има минимум 120 жртви од различни заедници.

По области, најголем број од случаите се родово засновано или семејно насилство (44% или 38 случај). Останатите области како здравство, социјална заштита, работни односи, полиција, образование, насилство од омраза и други повреди на права од државни органи имаат од 6 до 9%, додека во областа на говор на омраза се документирани најмал број случаи (4%). Во случаите на говор на омраза се работи за јавно искажан говор на омраза, но насочен кон активистки поради тоа што на социјалните мрежи и во јавноста промовираат ЛГБТИ права, родова еднаквост и права на сексуални работници/чки.




Графикон 1: Документирани случаи по области

Повторно, случаите во најголема мера се документираат од страна на правници, параправници, социјални работници, теренски работници и други вработени во граѓански организации и тоа: КХАМ Делчево, Стар Стар, Заедно посилни, ХОПС Опции за здрав живот Скопје, ЕХО Штип, Организација на жени на Свети Николе, Иницијатива на жени од Шуто Оризари, ТрансФормА и Коалиција Маргини.

Различни форми на **дискриминација** се документирани во 31 случај. Дискириминација е е документирана во: здравството кон лицата кои живает со ХИВ, во работните односи кон жените, луѓето што употребуваат дроги и луѓето кои живеат со ХИВ; во полицискотo постапување кон Ром кој употребува дроги, и во образованието кон децата со попреченост и ЛГБТИ луѓето. Говорот на омраза и насилството од омраза сами по себе претставуваат области во кои делата се мотивирани од дискриминација. Во овие области најчесто жртви се ЛГБТИ луѓето.

| Видови повреди на права | | Род на жртви | | | Етничка припадност | | | | ХИВ | СР | ЛУД | Попреченост | Жртви на СН | дете | ЛГБТИ | Нема конкретни жртви | Вкупно Случаи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Ж | М | Транс | Македонска | Албанска | Ромска | Други | | | | | | | | | |
| 1 | Работни односи | 6 | 1 | 1 | 5 | 1 | 2 | | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | | 8 |
| 2 | Здравство | 1 | 4 | | 2 | 2 | | 1 | 4 | | | | | | 1 | | 5 |
| 3 | Полиција | 3 | 2 | 1 | 4 | | 1 | 1 | | 1 | 5 | | 1 | 1 | 1 | | 6 |
| 4 | Образование | 3 | 1 | | 1 | | 5 | | | | | 1 | | 5 | 1 | | 5 |
| 5 | Социјални права и социјална заштита | 7 | 2 | | 3 | | 11 | | | | | 3 | | 6 | | | 6 |
| 6 | РЗН/СН | 39 | | | 43 | 4 | 11 | 5 | | 13 | 3 | | 55 | 22 | | | 38 |
| 7 | Говор на омраза | 2 | | 2 | 4 | | | | | 2 | 1 | | | | 3 | | 4 |
| 8 | Насилство од омраза | | 6 | 2 | 8 | | | | | 2 | | | | | 8 | | 8 |
| 8 | Други повреди на права од државни органи | 2 | 3 | 1 | 2 | | 4 | | | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | 7 |
| Случаи во кои има дискриминација | | 11 | 13 | 5 | 14 | 3 | 9 | 1 | 5 | 6 | 4 | 1 | 1 | 5 | 13 | 1 | 31 |
| Вкупно | | 63 | 19 | 7 | 72 | 7 | 34 | 7 | 5 | 20 | 11 | 4 | 56 | 34 | 16 | 1 | |
| Вкупно случаи | | | | | | | | | | | | | | | | | 87 |
| Вкупно жртви | | | | | | | | | | | | | | | | | 120+ |

[1] Сексуални работници
[2] Луѓе што употребуваат или употребувале дроги
[3] Директни и индиректни жртви (деца кои живеат во средина со насилство) на родово засновано насилство или семејно насилство
[4] Трансродови и родово небинарни лица

## Табела 1: Случаи според видови повреди на права и

Во **здравството** се документирани 5 случаи од кои во 4 се работи за дискриминација врз лица кои живеат со ХИВ. Најчесто станува збор за одбивање да се даде медицинска услуга поради ХИВ позитивен статус, па Клиниката за инфективни болести треба да посредува со другите здравствени установи за пациентите да добијат соодветна услуга. Одбивањето на здравствената услуга е придружено со оддавање на ХИВ позитивниот статус на други вработени во здравстваната установа, пишување „ХИВ+" на видни места на медицинската документација односно непочитување на приватноста и доверливаоста на медицинските податоци.

Во областа на **социјалната заштита** се документирани 6 случаи во кои како жртви доминираат Роми, деца и лица со попреченост. Најчесто се работи за проблеми при остварување на социјалните права како гарантирана минимална помош, детски додаток и надоместок за туѓа нега. Погрешното утврдување на фактичката состојба, постапките обременети со бројни документи и недавањето на соодветни и точни информации на корисниците се клучни причини за повредите на правата. Во еден случај се работи за укинување на правото на детски додаток на жена Ромка, згрижувачка на пет малолетни деца поради тоа што на нејзина сметка добила минимална сума на пари. Во еден случај се работи за одбивање да се одземе родителското право на татко кој никогаш не го видел детето, не се обедел да стапи во контакт со него, не плаќал издршка, и за кого не се знаело каде е. И покрај овие околности ЦСР одбива да го одземе родителското право иако се исполнети законските услови, па ја советува мајката да се потруди да стапи во контакт со таткото.

Во **образованието** се документирани 5 случаи на повреди на права од кои во 3 има дискриминација врз основа на попреченост, расна, етничка, сексуална ориентација и родов идентитет. Во еден случај е документиран недостатокот на образовани асистенти за децата со попреченост. Во друг случај се работи за дете од ромската заедница кое родителите не успеале да го запишат во прво одделение поради недостаток на документи и недоволно познавање на македонскиот јазик. Наместо да се запише детето и да му се пружа поддршка за соодветна интеграција на родителите им кажале да го спремаат сами за да се запише наредната учебна година. Во уште еден случај родителите, Роми, не успеале да ги запишат своите деца во училиште бидејќи немале изводи од матична книга на родени. Во еден од документираните случаи се работи за булинг кон геј момче во средно образование. Момчето е булирано и поради потемната боја на кожа, поради тоа што е посвоен и поради тоа што го третираат како дете со попреченост, иако не е. Училиштето не презема соодветни мерки за да го заштити од булинг, напротив училиштето жртвата ја тертира како проблем, наместо сторителите, и соучествува во булингот. Случајот е пријавен во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во областа на **работните односи** документирани се 8 случаи на повреди на права од кои во 5 случаи се работи за повреда мотивирана од дискриминација врз основа на родов идентитет, бременост и мајчинство и здравствен статус (ХИВ и зависност од психоактивни супстанци). Во два случаи повредите на права се во текстилната индустрија кон работнички ромки каде се работи за неисплаќање на прекувремена работа, противзаконско отпуштање од работа, а во еден случај пријавен во Државниот трудов инспекторат се бележат недостатоци во постапувањето и одбивање да се заштитат работничките права. Дискриминацијата врз основа на бременост и мајчинство е документирана во два случаи. Во едниот случај кандидатката била прашана дали има основано семејство и и било кажано дека преферираат да вработат жени кои веќе родиле за по вработувањето да не бараат отсуство поради бременост. Во другиот случај се работи за закани за отказ кон работничка поради земање боледување за грижа за едногодишно дете.

Во областа на **полициското постапување** документирани се 6 случаи во кои жртви се ист број на жртви од различни маргинализирани заедници како 5 лица кои употребуваат дроги, една малолетна транс девојка, ром што употребува дроги и една сексуална работничка што употребува дроги и е жртва на семејно насилство. Во три случаи е документирано санкционирање за лична употреба на дроги (канабис) и покрај измените на КЗ со кои се предвиде дека личната употреба не е кривично дело. Во два случаи полициското постапување било мотивирано од предрасуди поврзани со расата, социјалниот статус и родовиот идентитет. Во случајот каде жртва е ром кој употребува дроги се работи за тортура, нехумано и деградирачко постапување од страна на полицијата која извршила расно мотивирано насилство од омраза. Жртвата се здобила со тешки телесни повреди, добила медицинска помош и го пријавила делото. Кај правната советничка од ХОПС пријавила дека се соочува со притисок од страна на полицијата за да ја смени изјавата пред обвинителство. Сексуална работничка што употребува дроги била жртва на насилство од страна на интимниот партнер. Додека насилството траело успеала да се јави на полиција, од каде одбиле да и пружат помош и кажале „не се лигави, зборувај убаво“. Од документираните случаи се бележи провизорно и дискриминаторско постапување на полицијата од кое најзасегнати се маргинализираните групи.

Во делот на **други повреди на права од страна на државни органи** документирани се 7 случаи. Во два случаи се документирани повреди на права на лица без државјанство, Роми, во постапките за вадење на лични документи. Во еден случај се работи за жена која се лекува од зависност од дроги и издржува затворска казна, а затворот во Гостивар ја испушта без лична карта и без здравствено осигурување со што го повредува нејзиното право на здравствена заштита. Во еден случај се документирани повреди на права во постапките за извршување на решенијата за правно признавање на родот преку одолговлекување на постапката за издавање на нов извод со променети податоци. Во 4 од овие случаи има дискриминација и тоа врз основа на расна и етничка припадност, здравствен статус (лекување на зависност од дроги) и дискриминација во пристапот до комунални услуги врз основа на место на живеење (рурална средина).

## Родово засновано и семејно насилство

Во извештајниот период се документирани 50 слуачаи во кои има елементи на родово засновано насилство од различен вид (вербално, физичко, психолошко и сексуално), насилство од омраза и говор на омраза.

**Родово засновано и/или семејно насилство е документирано во 38 случаи**, во 8 случаи има елементи на насилство од омраза кон ЛГБТИ, а во 4 се работи за говор на омраза поради јавно искажани ставови за промоција на правата на ЛГБТИ луѓето, родовата еднаквост и сексуалните работници.

Во случаите на **насилство од омраза (8)** жртви се исклучиво ЛГБТИ лица и тоа во 6 случаи геј мажи, а во 2 трансродови жени. Во сите случаи се работи за вербално насилство на јавен простор, најчесто пропратено со закани за физичко насилство и два случаи на демнење. Три случаи се поврзани со социјалниот простор Комитет кој веќе е препознаен како место во кое доаѓаат ЛГБТИ луѓе и оттука е мета на хомофобични и трансфобични инциденти. Во еден случај, вработен во Комитет, геј маж, приметил дека повозрасен човек подолго време го демне пред локалот. Вработениот му кажал дека уште не се отворени, по што мажот почнал вербално да го напаѓа со хомофобични изјави, а по извесно време влегол во локалот и продолжил со навредите. Вработениот го земал телефонот, по што напаѓачот избегал мислејќи дека ќе го пријават во полиција. Социјалниот  простор Комитет се наоѓа во непосредна близина на полициската станица Беко, од каде се информирани за локалот. Полициската станица треба да презема превентивни мерки за да ги заштити ЛГБТИ луѓето кои го посетуваат Комитет од насилство и на понепосреден начин да соработува со вработените.

**Во 38 случаи на родово засновано и семејно насилство, жртви се 39 жени и 22 деца**. Сторителите на насилството се исклучиво мажи. Децата се во улога на посредни жртви кога насилството се случува пред нив, иако е насочено кон нивните мајки. Во случаите каде се директно жртви на семејно насилство станува збор за неплаќање издршка како економско насилство врз дете, одбивање на таткото да даде согласност за издавање на патна исправа, инсистирање на ЦСР да се гледаат со татко кој сторува насилство за време на средбите, вмешување на децата и користење на нивната ранливост за заканување и заплашување на мајките, до еден случај на противправно лишување од слобода.

Најчесто се документира физичко, психолошко и економско насилство, додека сексуално насилство е документирано во два случаи во кои жртви се сексуални работнички.

Сексуалните работници се жртви во 13 од 38 случаи. Покрај насилството од страна на брачни или вонбрачни партнери, документирани се случаи на насилство од страна на клиенти или трети лица кои ја искористуваат маргинализираната положба на сексуалните работници.




Графикон 2: Род на жртви и на сторители на РЗН/СН

Од 38 случаи на родово засновано и семејно насилство, 18 се пријавени во МВР и/или ЦСР. Најчесто се пријавува физичко насилство или пак кога е во прашање економско и/или психолошко насилство кое ги засега и децата. Во три случаи е документирано повлекување на пријава од страна на жртвите. Од 18 случаи пријавени до надлежни институции во 9 или 50% се документирани неправилности во постапувањето, како одбивање да се постапи и покрај бројни пријави, груби пропусти од административен карактер кои резултираат со одбивање на заштита во случаите на изрекување на привремените мерки, односно непочитување на принципот на должно внимание. Во однос на постапките на одлучување за издршка, старателство и одржување на контакти со децата, видливо е занемарувањето на принципот на најдобриот интерес на детето. Во три случаи иако се исполнети законските услови за одземање на родителското право од страна на татковците бидејќи биле насилни и кон децата, а потоа со години не се обиделе да остварат контакт со нив, центрите за социјална работа не преземаат мерки да го сторат тоа. Со решенијата за одржување на контакти, многу често Центрите за социјална работа директно овозможуваат и ги изложуваат децата на насилство од страна на таткото.

## Центрите за социјална работа не водат грижа за најдобриот интерес на децата и ги изложуваат на насилство

Во еден случај, бракот е разведен поради семејно насилство. Таткото 4 години не се ни обидува да одржува контакти со детето и не плаќа издршка. Откако се враќа во земјата одлучува да ги остварува средбите со ќерката, но ги користи за да ја заплашува мајката, вербално и психолошки да ја малтретира, со што мајката за време на средбите постојано вика полиција и ЦСР. Вербалното и психолошкото насилство се случило дури и пред вработена во ЦСР која реагирала и го предупредила дека тоа е насилство. И покрај тоа што вработените се свесни за ситуацијата, детето одбива да оди на средбите и после нив е видно иструматизирано и преплашено тие не преземаат мерки да го променат решението за видување и да поведат постапки за заштита на детето и жената, туку напротив инсистираат средбите да се оддржуваат по секоја цена.

## Документирани случаи по место на случување

Најголем број од случаите се настани кои се случиле во Скопски регион (35), потоа во Источен (17) и Пелагониски (14). Во другите региони има по помал број случаи, од 2 до 5, а од североисточниот регион нема документирано. Распределбата на случаите по региони се должи на активностите на здруженијата на граѓани, правниците и параправниците. Сите случаите на повреда на здравствени права се од Скопскиот регион поради централизираноста на здрвствените услуги во Клиничкиот центар. Повредите на социјални прва се во најголем дел од Источниот регион поради активноста на здружението Жена од Делчево. Насилството од омраза е документирано најмногу во Скопскиот регион, поради активноста на ЛГБТИ здруженијата, но и поголемата видливост на ЛГБТИ луѓето во главниот град.

| **Видови повреди на права** | | **Региони** | | | | | | | **Медиуми/ социјални мрежи** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | југозападен | источен | скопски | пелагониски | вардарски | југоисточен | полошки | |
| **1** | Работни односи | | 2 | 6 | | | | | |
| **2** | Здравство | 1 | | 5 | | | | | |
| **3** | Полиција | | | 5 | | | 1 | | |
| **4** | Социјални права и социјална заштита | | 4 | 1 | | 1 | | | |
| **5** | РЗН/СН | 4 | 3 | 10 | 14 | 3 | 2 | 1 | 1 |
| **6** | Образование | | 3 | | | 1 | | | |
| **7** | Говор на омраза | | | | | | | | 4 |
| **8** | Насилство од омраза | | | 7 | | | 1 | | |
| **9** | Други поврди на права од државни органи | | 5 | 1 | | | | 1 | |
| **Вкупно по региони** | | 5 | 17 | 35 | 14 | 5 | 4 | 2 | 5 |
| **Вкупно** | | | | | | | | | 87 |

Табела 2: Случаи според видови повреди на права и распределба

## Родова структура на жртви на повреди на права




Графикон 3: Род на жртви на повреди на права од

Во документираните случаи **жртви се 63 жени, 19 мажи, 7 трансродови лица, и 34 се деца**. Најголемиот дел од мажите жртви се луѓе што живеат со ХИВ, геј мажи, лица што употребуваат droги и Роми, односно припаѓаат на маргинализирани групи. Жените доминираат како жртви во работните односи и во случаите на семејно и родово засновано насилство.

Документираните случаи во областа на работните односи зборуваат за родова дискриминација на пазар на труд, особено поврзани со мајчинството и бременоста и со непочитувањето на работничките права во текстилните фабрики во Источниот регион. Работничките се плашат да ги пријават овие случаи поради страв од виктимизација т.е. отпуштање од работа и поради недоверба во институциите дека ќе ги заштитат нивните права. Еден случај е пријавен бидејќи работничката добила незаконски отказ, но Државниот трудов инспекторат само ја известил дека работодавачот има право да ја отпушти ако отсуствува повеќе од пет дена во годината без да земе предвид дека не станува збор за неоправдани отсуства, туку отсуствата биле најавени и одобрени од страна на работодавачот и не го земал предвид неисплаќањето на прекувремената работа. Структурните родови нееднаквости се видливи од документираните случаи бидејќи во нив се документирани најчестите видови на повреди на права со кои се соочуваат жените во областа на трудот. Оттука, неопходни се промени во Законот за работни односи, Законот за трудовата инспекција и зајакнување на капацитетите на механизмите за заштита.

# ПРЕПОРАКИ

- Преземање на дејства за проактивна превенција од хомофобично и трансфобично насилство од страна на полицијата, воспоставување контакти и градење на доверба кај ЛГБТИ луѓето со цел пријавување и заштита од насилство од омраза;

- Зајакнување на капацитетите на полицијата за превенција и заштита од насилство од омраза, донесување на подзаконски акти со кои ќе се уреди постапката за препознавање, заштита на жртвите и мерките за превенција од насилство од омраза, особено кон ЛГБТИ луѓето;

- Промена на практиката на полицијата и јавното обвинитлество со цел прекинување на кривичниот прогон на луѓе што потребуваат дроги и кривично гонење само врз основа на пронајдена мала количина дроги;

- Зајакнување на капацитетите на центрите за социјална работа за почитување на принципот на најдобриот интерес на детето во постапките за одлучување за одржувањето на контакти и другите родителски права и во заштитата од семејно насилство;

- Континуирана формална и неформална едукација на здравствени работници за ХИВ,  сензибилизација за работа со луѓе што употребуваат дроги и превенција од расна дискриминација;

- Спроведување на задолжителни обуки за социјални работници за примена на Конвенцијата за правата на детето и засилена контрола над нивната работа во областа на детска заштита;

- Зајакнување на механизмите за надзор над институциите при постапувањето во случаите на родово засновано насилство;

# ПРЕПОРАКИ

- Унапредување на законската рамка во областа на трудот со цел заштита од родова дискриминација и прилагодување на пазарот на трудот на потребите на жените;

- Зајакнување на капацитетите на Државниот трудов инспекторат за заштита на работничките права на жените и заштита од родова дискриминација.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија и Шведска. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Коалиција Маргини и во никој случај не ги одразува ставовите на Европската Унија и Шведска.